# ПРАВЕЦ

Година 2013 / 2014
Број 1 / 2

## Училишно списание
## Revistë shkollore

# DREJTIM

A newsletter published by Youth activism leading towards coexistence of diversities in the community — a project funded by European Union's EIDHR programme




СОЖИВОТ НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ
BASHKËJETESËS SË SHUMËLLOJSHMËRISË
ЗБРАТИМУВАЊА
VËLLAZËRIM
ЗАЕДНО ВО ПРИРОДА
SË BASHKU NË NATYRË
СКОПЈЕ, ГРАДУ МОЈ
QYETI IM SHKUPI

**This project is funded by European Union**

The contents of this publication are the sole responsibility of WCI ANTIKO and Multikultura and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.

ANTICO
Women's Civic Initiative

MULTIKULTURA

















# СОДРЖИНА

Содржина . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

Предговор директор Јованка Асպровска . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

Училишни активности УСПЕШНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „ПРЕКУ МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ КОН СОЖИВОТ НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА“ . . . . .

Училишни активности ЗБРАТИМУВАЊЕ НА СЕПУГС **„АРСЕНИ ЈОВКОВ“** - СКОПЈЕ И СУГС **„**ЈАНЕ САНДАНСКИ**“ -** БИТОЛА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

Училишни активности ЗАЕДНО ВО ПРИРОДА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

Училишни активности **„БЕЗБЕДНИ УЧИЛИШТА – ХАРМОНИЧНА СРЕДИНА“ . . . . . . . . . . .**

СКОПЈЕ ГРАДУ МОЈ .... . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

НАШИ ТВОРБИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

ЗАНИМЛИВОСТИ, ЗАБАВА , МУДРОСТИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

Ekipi gayetaris
Новинарска екипа : Моника Фимчева III-10, Хана Мифтари III-17,Софија Стојановска IV-10, Магдалена Сандева IV-10, Ардијан Ајази IV-16, Артиана Ајдини IV-13, Нермине Хамиди III-16, Христина Пијаковка II-12, Теа Бранова II-5, Синан Исмаили III-16, Сања Бошковсска II-1, Елена Крстевска I-11, Сара Попоска I-10, Еркан Џафери III-18, МинЕвер Точи III-18.
Ментори / Mentoret:



Марина Цветаноска - професор по македонски јазик и литература
Marina Cvetanovska - profesor nga gjuha letersia maqedone



Шенаси Точи - професор по економија
Shenasi Toçi - profesor i lendeve ekonomike
Лектор: Розита Закева, професор по македонски јазик и литература
Lektor: Rozita Zakeva, profesor nga gjuha letersia maqedone

## Почитувани!



Пред Вас е првото издание на училишниот весник „ПРАВЕЦ“ – „DREJTIM“, подготвен и уреден од учениците на СЕПУГС „Арсени Јовков“. Нашето училиште, според бројот на ученици е едно од најголемите во Република Македонија, но тоа е специфично и по разноликоста на етничкиот состав. Ме радува фактот што учениците од почетокот на оваа учебна година неуморно работеа и соработуваа, пишуваа, се дружеа и заеднички го подготвија нивното мултиетничко првенче наречено „ПРАВЕЦ“ – „DREJTIM“.

Претставува гордост да работите со деца кои ќе ви речат: „Кога имате една цел и пустината станува улица“. Нашите ученици имаа цел да се зближат, да истражуваат, да ги промовираат активностите на училиштето, да креираат и творат, да критикуваат и секако да укажат на важноста од изборот кој го прават во животот, од важноста на избор на вистински правец.

Драги професори, родители, децата ни се единственото богатство за кое вреди да се вложиме, нивниот успех е наш заеднички успех и гордост. Понекогаш можеме многу да научиме од нив, тие се искрени и чисти, наше е да им укажеме на вистинскиот правец и да ги негуваме универзалните човекови вредности кај нив, како што се љубовта, толеранцијата и желбата за успех и напредок. Токму поради тоа се гордеам со нивното дело, со сите нивни резултати кои ги постигнуваат во повеќето проекти во кои се вклучени, со нивните резултати постигнати во училиштето, а најмногу од сѐ ме радува фактот дека се иднината на оваа држава. Ги учиме да станат чесни и вредни луѓе и со задоволство да се сеќаваат на средношколските клупи.

Училишниот весник „ПРАВЕЦ“ – „DREJTIM“ ќе биде бележник и печат на најубавиот период од нивните животи, плод на несебичност и толеранција помеѓу различностите. Тој ќе сведочи дека мултикултурализмот веќе се трансформирал во интеркултурализам, кој е насочен кон отворените модели на култура, поттикнување на контактите и преплетувањата. Со ваква посветеност на младите генерации ќе можеме да се пофалиме дека вистинските универзални вредности можат да се достигнат единствено преку интеркултурен дијалог, без присила, базиран на рамноправно ниво.

Посакувам уште многу изданија и уште многу проекти со кои ќе ја покажеме нашата единствена цел – создавање генерации кои ќе бидат лојални и посветени на својата татковина.

**Ви благодарам.**

## Të nderuar

Para jush është edicioni i parë i revistës shkollore „ПРАВЕЦ“ – „DREJTIM“, i përgaditur dhe redaktuar nga ana e nxënësve të SHMQSHJ “Arseni JOVKOV”. Shkolla jonë, sipas numrit të nxënësvë është një ndër shkollat me ma shumë nxënës në Republikën e Maqedonisë, por kjo është specifike edhe sipas përbërjes diversive etnike. Më gëzon fakti që nxënësit që nga fillimi i vitit shkollor me palodhsi kanë punuar, bashkpunuar, shkruar dhe së bashku e kanë përgaditur revistën e parë të përbashkët „ПРАВЕЦ“ – „DREJTIM“.

Paraqet krenari kur punoni me nxënës të cilët u thonë “ Kur kemi një qëllim edhe shkretira bëhet rrugë”. Nxënësit tonë kishin për qëllim që të afrohen, te hulumtojnë, ti promovojnë aktivitetet e shkollës, të krijojnë dhe të punojnë, të kritikojnë dhe padyshim për të treguar rëndësinë e zgjedhjes që e bëjnë në jetë, nga rëndësia e zgjidhjes në drejtimin e duhur.

Të nderuar profesorë, prindër, fëmijët na janë pasuria e vetme ku vlen të investohemi, suksesi I tyre është sukses dhe krenari e përbashkët. Ndonjëher mundemi shumë të mësojmë nga ata, ato janë të sinqert dhe të pastërt, e jona është tu tregojmë drejtimin e duhur dhe të kujdesemi për vlerat universale njerzore te ata, siç janë dashurija, tolerimi dhe dëshira për sukses dhe përparim. Prandaj, krenohem me veprimin e tyre, me rezultatet e arritura në të gjitha projektet në të cilat ishin të kyçur, me rezultatet e tyre në shkollë, kurse më së shumti krenohem me faktin që janë e ardhmja e këtij shteti. I mësojmë të jenë të ndershëm dhe me vlerë dhe me kënaqsi ti kujtojnë ulëset e shkollës.

Revista shkollore „ПРАВЕЦ“ – „DREJTIM“, do të jetë vulë e periudhës më të bukur në jetën e tyre, frut I tolerancës në mes të diversiteteve. Ai do të dëshmojë multikulturalizmi është transformuar në interkulturalizëm, I cili është drejtuar kah modelet e kulturave të hapura, nxitje të kontakteve dhe interferencave. Me këtë përkushtim ndaj gjeneratave të reja do të mund të lavdërohemi që vlerat universale mund të arrihen vetëm përmes dialogut interkulturor, pa forcë, bazuar në nivel të barabartë.

Dëshiroj edhe shumë edicione edhe shumë projekte me të cilat do ta tregojmë qellimin tonë të vetëm – krijimin e gjeneratave të cilat do të jenë lojale dhe të përkushtuar ndaj atdheut të tyre.

**Ju falënderit**

## Училишни активности
## УСПЕШНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „ПРЕКУ МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ КОН СОЖИВОТ НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА“

*„Учесниците на школата позитивно ја оценија целокупната имплементација на настанот и го изразија своето задоволство поради фактот што младите неколку дена од летниот распуст го исполнија квалитетно, научија нови работи за себе и за другите, но исто така беа анимирани и поттикнати да ги осознаат придобивките од граѓанскиот активизам, соживотот и споделувањето на заедничките интереси и приоритети.“*

Во рамките на проектот „Преку младински активизам кон соживот на различностите во заедницата“ чија имплементација е овозможена од Делегацијата на Европската унија – Европски инструмент за демократија и човекови права и невладините интеретнички мрежи ЖГИ „Антико“ и „Мултикултура“ – Тетово, во СУГС „Арсени Јовков“, во учебната 2012/2013 успешно се реализираше првата фаза од проектот.

Во текот на месец април (17 и 19) беа одржани две работилници на тема „Мултикултурно општество“ и „Комуникациски вештини“ на кои учествуваа 50 ученици поделени во две групи со мешан етнички состав. Имајќи предвид дека успешноста на комуникацијата е значајна алка во процесот на интеракција, меѓусебно разбирање и градење на доверба, учениците се запознаа со основните правила за комуникација, разгледуваа позитивни и негативни примери за комуникација од секојдневниот живот и научија како да ги совладаат бариерите кои негативно влијаат на процесите на комуникација. Оваа тема предизвика голем интерес кај учениците, а практичните вежби беа повод за дискусија и анализа на нивното однесување во текот на спроведување на истите, односно за неправилностите и позитивните аспекти, кои самите ги воочија. Сепак, на крајот сите се согласија дека вештините на комуникација се учат и дека доколку се пристапи со добра волја, внимание и почитување кон другиот, нема да изостанат посакуваните резултати.

Вториот циклус работилници на темите „Ненасилна комуникација“ и „Активност во заедницата“ беа одржани на 14 и 17 мај, со цел учениците да ги совладаат техниките и вештините за водење на ненасилна комуникација и мирно разрешување на конфликтите. За време на работилниците, средношколците практично ги вежбаа теоретските насоки во однос на водењето ненасилна комуникација и дискутираа за своите ставови на теми блиски до младите. Сето тоа придонесе да разберат и научат како активно да слушаат, како да ги презентираат своите аргументи и како да ги трансформираат конфликтите во компромисно

## Aktivitete shkollore
## NGA AKTIVIZIMI RINOR DREJT BASHKËJETESËS SË SHUMËLLOJ-SHMËRISË NË KOMUNITET

“Pjesëmarrësit në konferencë vlerësuan pozitivisht zbatimin e përgjithshëm të ngjarjes dhe shprehën kënaqësinë e tyre për faktin se ditët të pushimeve të verës i mbushën me cilësi, mësuan gjëra të reja për veten dhe të tjerët, por edhe ishin të animuar dhe të inkurajuar të mësojnë në lidhje me përfitimet e aktivizmit qytetar, bashkëjetesës dhe për ndarjen e interesave të përbashkëta dhe prioriteteve. “

Në kornizat e projektit “ Nëpërmjet aktivizmit rinor drejtë bashkëjetesës së shumëlloshmërive në shoqeri” implementimi I së cilës është mundësuar nga Delegacioni I Bashkësis Europjane – Instrument Europjan për demokraci dhe të drejta njerzore dhe rrjetet joqeveritare interetnike IQG Antiko dhe Multikultura – Tetovë, në SHMQSH Arseni Jovkov, ne vitin 2012/13 me sukses u kry faza e parë e projektit.

Gjatë muajit prill ( 17 dhe 19) u realizuan dy puntori në temën “Shoqëri multikulturore” dhe “ Aftësi komunikimi” ku morën pjesë 50 nxënës të ndarë në dy grupe me përbërje të përzier etnike. Duke pasur parasysh se komunikimi është unazë e rëndësishme në procesin e interakcionit, të kuptuarit e ndërsjellt dhe ndërtimi I besimit, nxënësit u njoftuan me rregullat bazë të komunikimit, rishikuan shembuj pozitiv dhe negative të komunikimit të jetës së rëndomtë dhe mësuan se si ti prishin barierat që negativisht ndikojnë në procesin e komunikimit. Kjo temë sfidoi interest ë lartë te nxënësit, kurse ushtrimet praktike ishin rast për diskutim dhe analizë të sjelljes së tyre gjatë zbatimit të të njejtit, respektivisht parregullsitë dhe aspektet pozitive në të cilat hasën. Por, në fund të gjithë ishin të pajtimit se aftësit e komunikimit mësohen dhe se nese I qasemi me qëllim të mirë, kujdes dhe respekt ndaj të tjerëve, nuk do të mungojnë rezultatet e pritura.

Cikli i dytë i punëtorive në temat “ komunikime jo të dhunshme” dhe “Aktivitet në shoqëri” u realizuan më 14 dhe 17 maj, me qëllim që nxënësit ti mjeshtërojnë teknikat dhe aftësit për udhëheqje të komunikimit pa dhunë dhe zgjidhjen e konflikteve në mënyr paqësore.

Gjatë punëtorive, nxënësit praktikisht i ushtruan drejtimet teaorike të komunikimit pa dhunë dhe diskutuan për qëndrimet e tyre në tema për të rinj.

E gjith kjo, bëri që të kuptojnë dhe të mësojnë se sin ë mënyr active të ndëgjojnë, si ti prezentojnë argumentet e tyre dhe si ti transformojnë konfliktet ne

решение, без употреба на какво било насилство или агресивно однесување. Учениците на крајот заклучија дека нивните интереси и приоритети се релативно исти или слични без разлика на нивната етничка припадност, и што е најважно, се согласија дека преку конструктивна дебата, разбирање и почитување на другиот, можат да ги усогласат своите ставови и мирно да ги разрешат сите недоразбирања и конфликти.



### *Летна школа*

Во периодот од 15 – 20 јуни 2013 во Охрид, 24 средношколци од четири мултиетнички училишта, меѓу кои и шест ученици од СУГС „Арсени Јовков“ имаа можност да се едуцираат, дружат и преку практични и креативни сесии да ги споделат своите идеи за развој на мултикултурализмот во нивните училишта и локални заедници.

За време на шестдневната Летна школа за мултикултурализам, учениците со поддршка на професорите и обучувачите успешно ги реализираа предвидените содржини и се покажа дека кај нив постои креативен потенцијал, посветеност и иницијатива за преземање конкретни активности кои промовираат заедништво, ненасилство, толеранција и соживот. Стекнатите вештини и знаења на учениците им помогнаа да подготват четири јавни акции поврзани со мултикултурализмот, чија имплементација започна во септември.

Учесниците на школата позитивно ја оценија целокупната имплементација на настанот и го изразија своето задоволство поради фактот што младите неколку дена од летниот распуст го исполнија квалитетно, научија нови работи за себе и за другите, но исто така беа анимирани и поттикнати да ги осознаат придобивките од граѓанскиот активизам, соживотот и споделувањето на заедничките интереси и приоритети.Учениците предложија и наредните години да се продолжи со организирање на ваков вид едукативни активности за младите и да се опфатат поголем број ученици.

vendime compromise, pa përdorimin e çfarëdo dhune apo sjellje agresive. Nxënësit arritën në përfundimin se interesat dhe prioritetet e tyre janë relativisht të njëjta ose të ngjajshme, pa dallim të të etnitetit që i takojnë, dhe çka është më me rëndësi, se u pajtuan që nëpërmjet të debateve konstruktive, të kuptuarit dhe respektimi I të tjerëve, mund ti përputhin qëndrimet e tyre dhe në mënyr që qetë mund ti zgjidhin të gjithë moskuptimet dhe konfliktet.

### *Shkolla verore*

Në periudhën nga 15 to 20 qershor 2013 Ohër, 24 nxënës nga katër shkolla multi-etnike, duke përfshirë edhe gjashtë nxënës nga shkolla e mesme “Arseni Jovkov” patën mundësi për tu edukuar, shoqëruar dhe përmes sesioneve praktike dhe kreative për të ndarë idetë e tyre për zhvillimin e multikulturalizmi nëpër shkollat dhe komunitetet lokale.

Gjatë gjashtë ditëve Shkollë verore për multikulturalizëm, nxënësit me mbështetjen e mësuesve dhe trajnuesve arritën të zbatojnë me sukses përmbajtjen e planifikuar dhe treguan se ka një potencial krijues tek ata, angazhim dhe iniciativë në marrjen e veprimeve konkrete që promovojnë unitet, jo dhunës, tolerancën dhe bashkëjetesën. Aftësive të fituara dhe njohuritë e nxënësve ndihmuan për të përgatitur katër veprime publike që lidhen me multikulturalizmin zbatimi i të cilëve filloi në shtator.

Pjesëmarrësit në këtë shkollë vlerësuan pozitivisht zbatimin e përgjithshëm të ngjarjes dhe shprehën kënaqësinë e tyre për faktin se ditët të pushimeve të verës i mbushën me cilësi, mësuan gjëra të reja për veten dhe të tjerët, por edhe ishin të animuar dhe të inkurajuar të mësojnë në lidhje me përfitimet e aktivizmit qytetar, bashkëjetesës dhe për ndarjen e interesave të përbashkëta dhe prioriteteve. Nxënësit propozuan që edhe në vitet në vijim të vazhdohet me organizimin e aktiviteteve të tilla educative për të rinjë dhe të përfshihen numër më I madh I nxënësvë





## *Хуманитарна акција*
## *„ХУМАНОСТА НЕ ПРИЗНАВА ГРАНИЦИ“*

На 28 октомври 2013 учениците од СУГС „Арсени Јовков“ од Скопје, организираа јавна акција за собирање на финансиски средства, облека и играчки за помош на децата од Дневен центар за деца на улица од Шуто Оризари. Обединети во името на хуманоста, ние средношколците од нашето големо мултиетничко училиште одржавме хуманитарен музички настап на кој беа изведени песни од македонската, албанската, ромската, турската и српската музичка култура.

Публиката беше воодушевена од мултиетничкото единство што го покажавме и многу дарежливо донираа дел од својот буџет и сопственост во поддршка на овој хуман чин. Со оваа јавна акција, ние средношколците ја пренесуваме пораката за промоција и практикување на вредностите на мултикултурализмот и докажавме дека единствено со заедничко дејствување можеме да придонесеме за позитивен развој во општеството и да им помогнеме на оние на кои навистина имаат потреба од помош.

## *Aksion Humanitar Multietnik i Nxënësve të Shkollës të Mesme "Arseni Jovkov" Shkup*

Në 28 tetor 2013 nxënësit e SHMK SHMQSH "Arseni Jovkov" prej Shkupi, organizuan aksion publik për mbledhjen e mjeteve finansiare, veshmbathje dhe lojra për fëmijët e Qendrës ditore për fëmij në rrugë nga Shuto Orizari. Të bashkuar në emër të humanizmit, nxënësit e kësaj shkolle multietnike mbajtën koncert bamirësie me muzikë maqedonase, shqipe, turke, rome dhe serbe. Publiku i kënaqur nga uniteti multietnik që nxënësit e treguan dhuruan bujarisht një pjesë e buxhetit të tyre si mbështetje e këtij akti human. Me këtë aksion publik, nxënësit e shkollës të mesme e përcjellin mesazhin e tyre për promovimin dhe praktikimin e vlerave të multikulturalizmit dhe treguan se vetëm duke vepruar së bashku mund të kontribuojnë për zhvillimin pozitiv të shoqërisë dhe ti ndihmojnë atyre që me të vërtet kanë nevoj për ndihmë.

Ky aktivitet u realizua në kuadër të projektit "Nëpërmjet aktivizmit të të rinjve drejt bashkëjetesës së daliimeve në bashkësi" ku qëllimi kryesor është rritja e rolit dhe aktivizmit tët të rinjve në promovimin dhe praktikimin e vlerave të multikulturalizmit dhe bashkëjetesës në komunitet. Projekti është finansuar nga Unioni Evropian në kuadër të Instrumentit Evropian për demokraci dhe të drejta të njeriut (EIDHR) ndërsa e implementon Iniciativa qytetare e femrave ANTIKO dhe Multikultura.





### *Отворена дебата „МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ ИМА ЛИ ИДНИНА?!“*

На 31-ви октомври 2013 год., беше организирана јавна акција, отворена дебата од областа на мултикултурализмот: „Мултикултурализам - има ли иднина?“. Заедно со своите професори и родители продискутиравме за бенефитите и импликациите кои мултикултурализмот ги носи со себе, но на крајот едногласно одлучивме дека сепак соработката и соживотот е начин за живеење во мултиетнички општества како нашето. Со оваа дебата ние учениците споделивме дел од својата порака за толеранција и негување на заедничките вредности. Оваа активност е реализирана во рамките на проектот „Преку младински активизам кон соживот на различностите во заедницата“ чија главна цел е зголемување на улогата и активизмот на младите во промовирањето и практикувањето на вредностите на мултикултурализмот и соживотот во заедницата.

Пишуваат: Моника Фимчева III-10
Ардиан Ајази IV-16



### *Debat e hapur “Multikulturalizmi – a ka ardhmëri?*

Nxënësit e shkollës të mesme “Arseni Jovkov” prej Shkupi, në 31.10.2013 në kuadër të aksioneve lokale, organizuan debat nga fusha e multikulturalizmit:. Së bashku me profesorët dhe prindërit diskutuan për përfitimet dhe implikimet të cilat multikulturalizmi i sjell me vete, por në fund unanimisht vendosën se kjo është një mënyrë e jetesës në shoqëritë multikulturore siç është e jona. Me këtë debate nxënësit përcollën një pjesë e mesazhit të tyre për përkujdesjen e tolerances dhe respektimin e vlerave të përbashkëta.

Ky aktivitet u realizua në kuadër të projektit “Nëpërmjet aktivizmit të të rinjve drejt bashkëjetesës së daliimeve në bashkësi” ku qëllimi kryesor është rritja e rolit dhe aktivizmit të rinjve në promovimin dhe praktikimin e vlerave të multikulturalizmit dhe bashkëjetesës në komunitet.

Пишуваат: Моника Фимчева III-10 и
Ардиан Ајази IV-16



## ЗБРАТИМУВАЊЕ НА СПУГС„АРСЕНИ ЈОВКОВ“ - СКОПЈЕ И СУГС„ЈАНЕ САНДАНСКИ“ - БИТОЛА

*„Одовде тргнавме со автобус во кој ечеше песна. Бевме ученици од мешан етнички состав: Македонци, Албанци, Турци, Босанци и Роми, но тоа воопшто не ни пречеше бидејќи секогаш сложно работиме во сите проекти.“*

Нашето училиште СУГС „Арсени Јовков“ е дел од Проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието, кој во Република Македонија се спроведува преку УСАИД и Министерството за образование. Досега, преку многу проекти покажавме што значат разликите и стереотипите во секојдневниот живот и сите заедно успешно ги совладуваме препреките.

Со поддршка на УСАИД оствaривме збратимување со Средното економско училиште „Јане Сандански “ од Битола, а за впечатоците и импресиите од оваа средба говорат фотографиите.

По неколку договарања и преговарања конечно отпатувавме во Битола во Средното економско училиштето „Јане Сандански“, каде што се запознавме со ученици на наша возраст. Одовде тргнавме со автобус во кој ечеше песна. Бевме ученици од мешан етнички состав: Македонци, Албанци, Турци, Босанци и Роми, но тоа воопшто не ни пречеше бидејќи секогаш сложно работиме во сите проекти.

По долгиот пат пристигнавме во Битола, градот кој е трет по големина во нашата татковина, градот кој што е познат по својот Широк сокак по тоа што е културен, образовен, индустриски и научен центар. Тука се наоѓаат и дел од конзуларните претставништва и се разбира Музејот на таткото на турската нација Кемал Ататурк.

По симнувањето од автобусот убаво нè пречекаа директорката на училиштето и дел од професорите.

## VËLLAZËRIM I “ARSENI JOVKOV” – SHKUP DHE “JANE SANDANSKI” - MANASTIR

Erdhi edhe dita për të shkuar në Manastir, ditë të cilën e prisnim me padurim që të udhëtonim deri në Manastir për të vizituar shkollën “Jane Sandanski” shkollë e mesme ekonomike siq jemi edhe ne. Erdhi dita enjte ku në 8 të mëngjesit u mblodhëm të gjith ku ishim të përzier edhe nxënësa nga paralelet shqiptare dhe nga ato maqedone, por për ne nuk është ndonjë gjë e quditshme sepse gjithmonë të gjitha projektet e shkollës ne i kemi realizuar së bashku. Dhe siç thash edhe më herët u mblodhëm të gjithë dhe u nisëm drejt autobusit i cili po na priste para shkollës sonë, hypëm të gjithë u vendosëm dhe u nisëm duke kënduar e duke qeshur të gjithë sëbashku... Pas gjithë asaj rruge të gjatë mirëpo edhe zbavitëse më në fund arritëm në qytetin e bukur të Manastirit, qytet i cili njihet si qyteti i 3 më i madh ne shtetin tonë, me e rëndësishmja është se po në këtë qytet para 105 viteve është formuar alfabeti i gjuhës shqipe, gjithashtu është e njohur edhe për sokakun e saj të gjër, është qytet kulturor, industrial dhe siq e dijmë vendi ne te cilin gjinden shum zyra konsullore dhe babau i nacionalitetit turk Kemal Ataturk. Pasi që zbritëm nga autobusi para na prisnin drejtoresha dhe disa nga profesorët e asaj shkolle të cilët na mirëpritën me ngrohtësi, pastaj na vendosën në sallën e tyre sportive ku na prisnin disa nga nxënesit e asaj shkolle me të cilët u njoftuam dhe na priten shum mir.

Pas disa minutave na treguan se kishin pregaditur aktivitete të ndryshme që ne te zbaviteshim, dhe ku morem pjes te gjith nxënesit ku disa luanin ping-pong disa basket disa shah poashtu kishin pregaditur edhe

Впечатокот беше - прекрасно училиште и уште подобри домаќини. Се забавувавме, дел од учениците играа пинг-понг, кошарка, а поверќето слушавме музика, пуштавме песни кои ги опишуваа нашите градови. Потоа имавме мал концерт девојче од нивното училиште ни свиреше и пееше на гитара, а ученички од нашето училиште пееја на албански јазик. Се разбира, бидејќи од нашето училиште има и ученици кои се први за играње се фативме и направивме едно големо оро, па дури и професорите се фатија на орото. Оро, кое беше исполнето со многу насмеани и задоволни лица.

Потоа го посетивме музејот на Мустафа Кемал Ататурк, водичи ни беа учениците. Музејот беше прекрасен и многу научивме, потоа прошетавме по кафулињата по Широк сокак и се запознавме подобро меѓусебно. Како што се вели сè што е убаво кратко трае и дојде време за враќање назад. Како што дојдовме со песна така и тргнавме.

Оваа посета беше убава можност да стекнеме нови пријателства, меѓусебно подобро да се запознаеме и да се дружиме. Ги очекуваме учениците од „Јане Сандански" да го посетат нашиот град и училиштето, дотогаш ќе се допишуваме на Фејсбук.

Пишуваат: Софија Стојановска и
Магдалена Сандева IV – 10




një mini koncert për ne ku këndoi një vajz e shkollës J.S. mirëpo pas asaj edhe dy nxënese të shkollës sonë nga paralelet shqiptare kënduan disa këngë ku të gjithë sëbashku po i shijonim ato momente.

Pas asaj kuptohet pasi që kemi nxënesa shum qejfli si themi ne shqiptarët filluan të gjithë të këndonin dhe të vallzonin me kënge të ndryshmë qytetare ku u kapën ne valle jo vetëm nxënesat por edhe profesorët ku të gjithë së bashku të qeshur po zbaviteshim jasht mase, mirëpo për fat të keq kjo festë duheshte të mbaroj këtu, sepse do të na dergonin në muzeun e Kemal Ataturk. U nisem te gjithë sëbashku edhe nxënësit e shkollës tonë edhe ata të J.S. per ne muze ku rrugës pamë shumë ndertime të bukura antike dhe nxënesat e asaj shkolle po na i shpjegonin të gjitha kur ku dhe si kanë ndodhur ato ngjarje. Muzeu ishte mahnitës kishte shumë gjëra interesante të cilat nuk i kishim parë ose ndëgjuar ndonjëherë ne jetën tonë. Pasi që vizituam muzeun kishim kohë të lirë për te shëtitur ku te gjith vendosem të shkonim ne ndonje kafe për tu relaksuar dhe per tu njoftuar më mirë ndërmjet vete. Mirëpo gjdo gjë e mirë ka edhe ndonjë të keqe dhe e keqja e këtij ekskurzioni ishte se kishte ardhur koha për tu kthyer në Shkup. Edhe pse ishte një ekskurzion i vogël ne kaluam jasht mase bukur, dhe shpresojmë se edhe ata janë kënaqur si ne dhe presim që në të ardhmen të kemi kontakt që edhe ata të vijnë në qytetin tonë dhe ti njoftojmë me bukurit dhe historit e Shkupit.

ARTIANA AJDINI IV-13





## Училишни активности
## ЗАЕДНО ВО ПРИРОДА

*„Ученикот Един Халим учествуваше во натпреварот по фотографски вештини и успеа да го стави во кадар секој сегмент од манифестацијата. Неговиот труд беше награден, тој го освои второто место и му доделија сребрен медал“*

Проектот „Средношколски игри“ кој на 05.10.2013 год. се одржа на Средно Водно беше во организација на ЗГ СФЕРА Скопје и со поддршка на Град Скопје. На Манифестација учествуваа ученици од сите средни училишта на Град Скопје под слоганот „Заедно во природа“.

„Средношколски игри“ вклучи различни активности (крос, натпревари во знаење, уметнички вештини, ориентација, еколошки-зелени игри, забава...), а сè со цел да ги поттикне средношколците да развијат свесност за потребата и неопходноста од нивен редовен престој во природа со цел подобрување и унапредување на нивното психофизичко здравје.

Учениците во координација на своите наставници и организаторите на манифестацијата, ги следеа активностите во период од 10:00 ч. до 13:00 ч. Нашето училиште, СЕПУГС „Арсени Јовков“, учествуваше во повеќе средношколски игри: натпревар по актерска игра, потрага по скриеното богатсво, натпревар по новинарски и фотографски вештини. Учениците Харис Џоковиќ

и Амела Дрпљанин учествуваа во натпреварот по актерска игра со драматизацијата „Мажот и кладилницата“.

Ученикот Един Халим учествуваше во натпреварот по фотографски вештини и успеа да го стави во кадар секој сегмент од манифестацијата. Неговиот труд беше



## Aktivitete shkollore
## SË BASHKU NË NATYRË



“Nxënësi Edin Halim ishte pjesmarës në garën për fotografi dhe arriti që të vendos në kuadër të gjitha segmetet e manifestimit.

Mundi tij ishte i shpërblier,ai fitoi vendin e dytë dhe ju dha medalja e argjentë”

“Projekti lojrat të shkollave të mesme” I cili u mbajt në datën 05.10.2013

në Vodnon e mesme ishte organizuar nga ZGSFERA –Shkup dhe me perkrahje të Qytetit të Shkupit.

Në këtë manifestim pjesëmarës ishin nxënës nga të gjitha shkollat e mesme të Qytetit të Shkupit me slloganin “SË BASHKU NË NATYRË”

“Lojrat të shkollave të mesme” përfshinin aktivitete të ndryshme (Kros, garat të diturisë, shkathtësi artistike, orijentim, lojra ekologjike të gjelbërta, argëtim..)

E gjithë kjo u bë me qëllim që ti nxit nxënësit të shkollave të mesme që të vetëdisohen për nevojën e zhvillimit të tyre në natyrë me qëllim të përmirsimit të shëndetit të tyre psiho-fizik.

Nxënësit në koordinim me profesorët e tyre dhe organizatoren e manifstimit I ndjekin aktivitetet në

награден, тој го освои второто место и му доделија сребрен медал.

Учениците Елдин Јуковиќ и Влатко Јакимовски го бараа скриеното богатство.

Сите активности на овој настан ги поттикнаа и создадоа за дружба, учење и запознавање со нови знаења, а натпреварувачкиот карактер овозможи истражување и учење, тренирање и вежбање, уметнички и естетски развој.

Пишува: Христина Пијаковска II - 12

